Врз основа на член 73 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (Службен весник на РСМ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 8 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Рамизе Рахими од Куманово УП2 бр. 09-206/26 од 23 април 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија за период од 2014 година до 31.07.2025 година година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурите за испорачана електрична енергија за период од 2014 година до 31.07.2025 година година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВААТ.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Рамизе Рахими од Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-206/26 од 23 април 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија за период од 2014 година до 31.07.2025 година година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Жалителот потенцира дека 11 години и 7 месеци по грешка бил тарифиран како за индустриска струја.

Според ЕВН ХОМЕ – барањето за промена на тарифа за местото на потрошувачка број 000000052637 од мал потрошувач во домаќинство е поднесено на ден 29.07.2025 година и по истото соодветно е постапено. Претходно од 11.12.2013 год. кога е приклучено броилото 62945786 до 29.07.2025 год. кога е поднесено барањето, корисникот нема поднесено барање за промена на тарифа кога извршил пренамена на објектот. Оттука, нема основ да се изврши корекција на фактури.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 14 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-206/26 од 23 април 2026 година со прилог:

-Приговараните фактури

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 12 мај 2026 година со прилог:

-Договор за снабдување со електрична енергија бр. 24/233 од 10.12.2023 и Прилог листа кон Договорот

-Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа бр. 24/233 од 05.12.2023

-Резултати од испитување на броило 2-К256/14 од 29.05.2014
-Извештај за отчитани состојби на броилото

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека тарифата за фактурирање на електричната енергија првично е применета согласно комерцијалната категорија на потрошувачите.

Во јули 2025 година, по поднесеното барање од клиентот за промена на категоријата на потрошувач, Операторот на дистрибуција на електрична енергија постапил правилно и во согласност со правните и техничките процедури, со што е извршена коректна промена на категоријата.

Со оваа постапка е обезбеден премин од тарифа мал потрошувач кон тарифа за домаќинства, при што фактурирањето на електричната енергија се врши врз основа на новата категорија на потрошувач, во согласност со законските прописи, финансиските норми и договорните обврски.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–206/26**
**8 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**